РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ
ВО ОБЛАСТА НА УРОЛОГИЈАТА

# ***П О С Т О П Е Р А Т И В Н А   Н Е Г А***

ИГОР ЈАКИМОВСКИ
ШТИП 26.07.2015 – 14.08.2015

liv HOSPITAL

ISTANBUL,TURKEY

# Вовед

Како медицински техничар, вработен во ЈЗУ Клиничка Болница - Штип, бев испратен преку Министерството за здравство на тринеделна едукација од 26.07.2015 год до 14.08.2015 год.во ,,LIV”  Hospital - Истанбул Р.Турција



Во текот на едукацијата присуствував на најразлични интервенции

- Уролошки операции;
- Амбулантски прегледи на пациентите;
- Уролошки  операции (сите се изведуваат ендоскопски (пр: на бубрег простата, бешика, уретри);
- Роботска операција на простата;
- Микроскопски операции на варикозни вени;
- Цистоскопии;
- Ритуални сунети итн.

# Посоперативна нега на оперирани пациенти

Посоперативната нега на оперираните пациенти се изведува на едно високо ниво, со доста високостручни методи на нега, почнувајки од предоперативната нега и припремата на болниот за операција, за време на операцијата и посоперативно кога се донесе во болничката соба.

Бидејки се работи за приватна болница, болниот е сместен сам во болничката соба, со специјален болнички кревет и посебна работна маса, интернет и тв, тоалет, централно ладење и греење во собата, централен кислород за оксигенација специјално осветлување да болниот има мир и пријатно чувство после извршената оперативна интервенција (да се чуствува како дома). Истотака може да има и сопствен придружник 24 часа.




Болнички кревет

# Операциона сала

Во ,,LIV”  Hospital има 7 операциони сали кои што се опремени со најсовремена опрема. Се запознавме со нова апаратура за операции кој што кај нас се уште ги нема.



Присуствувавме на роботска простатектомија, со робот Да Винчи најнова генерација операцијата траеше околу 6 часа.



Присуствувавме на микроскопска операција на варикоцела со најсовремен  микроскоп каде што операцијата траеше околу 1,30 минути



Присуствувавме на

- Лапароскопска нефректомија во кој операцијата траеше околу 4 часа.
- Ласерска простатектомиа,
- Уретерореноскопиа,
- Поставување на J-J сонда,
- Ритуален сунет,
- Ласерска уретеролитотомиа,
- Земање на семејни клетки од тестисите под микроскоп цистоскопија

и други  мали интервенции.





После извршените оперативни зафати пациентите со потешки операции се носат во оделот на реанимација кој располага со најсовремена опрема и останува додека не се подобри состојбата на пациенто и потоа се префрла во својата сопствена болничка соба за понатамошно лекување.



# Нега на болен кај постоперативни пациенти

Негата на оперираните болни, медицинската сестра ја извршува на високо професионално и стручно ниво. Таа заедно со дежурниот доктор си имаат сопствен оддел за кој болнички соби се одговорни за смената.



Во ходникот до вратата на собата има означено кој доктор и која сестра е одговорна за смената. Сестрата влегува во болничката соба кога се дели терапија и негата на болниот за тоалета утринска и помагање при станување од бол. кревет празнење на кесиња ако ги има, а остатокот  пациентот е сам или со придружба во собата дискрецијата му е загарантирана.



Медицинската сестра си има сопствена работна соба, во која ги извршува и припрема потребните работи околу негата на оперираните болни.



# Уролошка клиника при ,,LIV”  Hospital

Уролошкиот оддел при лив хоспитал има три доктори-уролози кој што извршуваат голем број интервенции,кој што кај нас дел од тие интервенции не се изведуваат.Благодарение на докторите при уролошката клиника  се запознавме  со тие интервенции и операции којшто кај нас н се изведуваат,и располагаат со најсовремени апарати и уролошки инструменти за операции.Преку тие операции и ние се запознавме со апаратурата и инструментите.








Голема благодарност до Менаџерскиот тим на Клинички Центар Штип и Министерството за здравство на РМ

*Ви благодарам на вниманието...*